НОВА ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА ЗА ДЕКЛАРИРАЊЕТО НА ПРЕХРАНБЕНИТЕ ПРОИЗВОДИ

# Нутритивни и здравствени изјави

**Нутритивните и здравствените изјави што се декларирани на прехранбените производи, како на пример: „без додаден шеќер", „без масноти" или „калциумот е потребен за нормален раст и развој на коските", конечно, за првпат се хармонизираат и влегуваат во една заедничка европска рамка со посебна законска регулатива.**

Автор: Загорка Блажевска, дипл. фармацевт, магистер по претприемништво, генерален директор на „Вита Нова-ЗА"



**Нутритивна изјава** односно декларирање е секоја информација наведена на декларацијата на производот што се однесува на енергетската вредност и содржината на хранливите состојки. Според директивата 90/496/EEC, декларацијата на производот мора да содржи информации за:

- енергетската вредност и
- количеството на масти, јаглехидрати, шеќери, протеини и сол.

Од 13 декември 2016 година регулативата (EU) No. 1169/2011 ќе биде облигаторна за сите производители на храна и прехранбени производи, без разлика дали имаат нутритивни или здравствени изјави.

**Здравствена изјава** е која било изјава со која се тврди, укажува или се сугерира дека постои врска меѓу категоријата на производот, одреден производ или една од неговите состојки и здравјето.

Регулативата (ЕС) No. 1924/2006 од 20 декември 2006 година се однесува на нутритивните и здравствените изјави што се декларирани на пакувањето на производите, а се наменети за крајните косументи, вклучувајќи ги и ресторантите, болниците, кантините итн. и ги опфаќа сите нутритивни и здравствени изјави во:

- комерцијалната комуникација (означување, презентација и промотивни кампањи) и
- заштитените имиња или брендови што можат да бидат наведени како нутритивна или здравствена изјава.

Голем број производители што применуваат вакви нутритивни и здравствени изјави со цел да да му дадат дополнителна вредност на својот производ ќе треба добро да внимаваат што декларираат. Отсега па натаму, изјавите што ќе се наоѓаат на пакувањето на прехранбените производи, презентираната слика или реклама мораат да бидат јасни, прецизни и базирани на научно одобрени докази. Во оваа регулатива, покрај прехранбените производи влегува и храна за посебни нутритивни примени, природни минерални води, вода наменета за консумација и прехранбени суплементи.

Регулативата ги штити крајните консумети од информации што:

- се неточни, тешки за разбирање или доведуваат до заблуда (на пример, изјави што му даваат медицински својства на производот, а немаат докази за тоа);
- доведуваат до двоумење за сигурноста или нутритивната точност на друга храна;
- ја поттикнуваат или ја забрзуваат примената на храната;
- ја поттикнуваат консумацијата на оваа храна со навестување или сугерирање дека директната или индиректната избалансирана диета не ги дава потребните нутриенти;
- тежнеат да го заплашат консументот со наведувања дека производот може да ги промени нормалните функции на организмот.

Согласно настанатите промени во ЕУ за нутритивните и здравствените изјави што стапија на сила од 1 февруари 2013 година, консументите и потрошувачите ќе бидат заштитени со регулативата ЕС No. 1924/2006. Овие промени не се однесуваат само на државите од ЕУ, туку и на земјите од регионот. Македонија и Србија активно работат на проблематиката за донесување и хармонизација на оваа регулатива со законите за безбедност на храна, што до крајот на годинава ќе треба да бидат донесени и објавени.




**„Вита Нова-ЗА"** е компанија што на македонскиот и српскиот пазар нуди квалитетни суровини за фармацевтската, козметичката, прехранбената индустрија и од други индустриски гранки, произведени во реномирани светски компании, со проверен квалитет.

**Контакт:**

Адреса: ул. „Божидар Аџија", бр. 3, лок. 10, Скопје
Телефон: 02/2771-254
Е-пошта: info@vitanova.com.mk
Веб-страница: www.vitanova.com.mk